РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ШТИП
Бр. 18 - 3177/16
06 . 11. 2018 год.
ШТИП

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот докумет | Измена и дополнување на Детален Урбанистички План за дел од населба „Горно Маало“ , дел УЕ 7, К.О. Штип 3, Општина Штип |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Општина Штип |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Совет на Општина Штип |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Дипл.инж.арх. Мишева Борислава - овластен планер<br>Дипл.ел.инж. Дрмов Миланчо - електрика<br>Дипл.град.инж. Валери Симов - водовод и канализација |
| Назив на работното место | Овластен планер |
| Контакт податоци за лицето | ЈП "Стипион 2011" - Штип, Општина Штип<br>тел.032/393-878 ; 032/385-878 |

| Основни податоци за планскиот документ | | | |
|---|---|---|---|
| Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба) | | | |
| Програма за изработка на урбанистички планови на територија на Општина Штип за 2018 година | | | |
| Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот? | | | |
| Да☒<br>Не☐ | | | |
| Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување? | | | |
| Основа за изработка на измената и дополнувањето на детален урбанистички план за дел од населба „Горно Маало“ дел од УЕ 7, КО Штип 3, Општина Штип, со опфат помеѓу ул.“ Борис Кидрич“, Бул.“Партизанска“ и ул.“Сане Ѓорѓиев“ е Генералниот урбанистички план на град Штип донесен 1999 година, анализата на просторот, како и можностите за развој кои се во директна зависност од постојната уреденост на просторот и можностите за зголемување на коефициентот на искористеност и процентот на изграденост на парцелите, односно естетско обликување на просторот. Анализата која е извршена со директен увид на лице место и согледување на изградените објекти со класа на намена од домување- станбени куќи и станбени згради, комерцијални и деловни намени и комунална инфраструктура, укажува на потребата за изградба на нови објекти со иста намена, односно предметниот простор со важечкиот ДУП е целосно покриен урбанистички во делот на намената на градежното земјиште во согласност со важечките стандарди и прописи. | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5) | | | |
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |
| Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор. | | | |
| Не | | | |
| Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење. | | | |
| Да, со површина од 9.141,85 м2 и се наоѓа во непосредна близина на централното градско јадро, при што би се изградиле градби кои се со станбено-деловна намена, како и подобрување на инфраструктурата. | | | |
| Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе. | | | |

| |
|---|
| Со изменувањето и дополнувањето на Деталниот урбанистички план за дел од населба „Горно Маало“ дел од УЕ 7, КО Штип 3, Општина Штип, со опфат помеѓу ул.“ Борис Кидрич“, Бул.“Партизанска“ и ул.“Сане Ѓорѓиев“, како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој, со создавање услови за планирање на организирани простори, дефинирање на оптимални решенија за организирање на основните функии преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планирање градежни површини со дефинирани намени, конкретни просторни сообраќајни и инфраструктурни решенија, односно предметниот простор со важечкиот ДУП е целосно покриен урбанистички во делот на намената на градежното земјиште во согласност со важечките стандарди и прописи. |
| Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.) |
| Предмет на планскиот документ е Плански опфат со површина од 9.141,85 м2 К.О.Штип 3 во Општина Штип каде како предмет се планирањето, измената и дополнувањето на просторот во ДУП. |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| Период од 2018 до 2023 |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5 години |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| Планскиот опфат -ДУП за дел од УЕ 7 дел од населба „Горно Маало“ К.О. Штип 3, Општина Штип, се наоѓа во непосредна близина на централното градско јадро, опфатот е дефиниран со улицата „Борис Кидрич„ од северо исток , Бул. „Партизанска„ од запад, ул.„Сане Георѓев„ од југоисток. |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| | |
|---|---|
| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br><br>При имплементација на целите на деталниот урбанистички план за дел од населба „Горно Маало“ дел од УЕ 7, КО Штип 3, Општина Штип, со опфат помеѓу ул.“ Борис Кидрич“, Бул.“Партизанска“ и ул.“Сане Ѓорѓиев“, се очекуваат позитивни влијанија врз насоките на перспективен развој, зголемена искористеност на парцелите и просторно обликување на предвидените градби кои се од класата на домување со пропратни услуги т.е компатибилни класи на намена и инфраструктурата.Како потенцијални влијанија при имплементацијата на планскиот документ врз животната средина нема (само во периодот на изградба би имало: бучава, формирање на цврст комунален отпад, емисии од ситни честици на прав PM 10 при рушењето на постоечките објекти, вибрации). | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влјанијата; | Просторот на дел од УЕ 7 дел од населба „Горно Маало“ преставува сочувана средина без еколошки нарушувања на почвата и чист воздух, и ова би останало при подолг временски период и би немало повратни влијанија врз просторот. Како веројатности, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанија во однос со биодиверзитетот, населението, човековото здравје, почва, вода, воздух, климатски фактори, материјални придобивки, културно наследство и пејсаж би имале сигурно/можно влијание. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето е минимално и во однос со просторот што би го зафатил планскиот опфат - 9.141,85 м2 и е во непосредна близина на градското јадро при што како аерозагадувачи ќе се јавуваат издувните гасови на моторните возила, а како загадувачи на почвата ќе се јавува цврстиот комунален отпад и друг вид на отпад кои би се собирал во контејнери кои редовно би се празнеле од овластени оператори за соодветен тип на отпад и воедно не би имале загадување на почвата и подземните води.<br>Како очекувани позитивни кумулативни ефекти може да се набројат, поголем број на работни места, нови домови, редовни приходи на Општината преку наплата на даноци и подобра инфраструктура. |

| | |
|---|---|
| Прекугранична природа на влијанијата; | / |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | При катастрофи кои се однесуваат на земјотреси на теренот кој е во благ пад и релативно добри геомеханички карактеристики, заштитата е по пат на примена на технички прописи за асеизмичка градба; во непосредна близина нема реки и немаме загрозеност од поплави; воени разурнувања кои се тесно поврзани со појава на пожар се преземаат соодветни мерки, во мерките за заштита од воени разузнавања се изработува посебен атест, ако има потреба, а што се во согласност со ПП за одбрана и заштита како и член 6 од Уредбата на начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите (Сл.Весник на Р.М бр. 105/05), врз основа на процената на загрозеност на ПО во ДУП за дел од населба „Горно Маало“ дел од УЕ 7, КО Штип 3, Општина Штип, спрема член 61 од Законот за ЗС се опфатени следните урбанистичко-технички мерки за ЗС: Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи; Заштита и спасување од поплави; и Заштита и спасување од урнатини. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната). | Површината на Планскиот опфат -ДУП за дел од УЕ 7 дел од населба „Горно Маало“ К.О. Штип 3, Општина Штип, е 9.141,85 м2 и се наоѓа во непосредна близина на централното градско јадро. Директно ќе се засегнати граѓаните кои живеат во непосредна близина и индиректно ќе се опфати и населението во целата општина. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Поаѓајќи од постојните градби, од основните карактеристики и состојби, измената на ДУП треба да обезбеди и да задоволи насоки за иден просторен развој преку точен степен на искористеност на градежното земјиште, да се постигне висок стандард во однос на површината, квалитетната градба со употреба на квалитетни и современи материјали со цел да се постигнат естетски вредности на објектите, а со тоа и на просторот, да се одредат намени компатибилни на основната намена дефинирана со плански документ а согласно правилникот. Тенденциите за раст и развој, на расположивите ресурси се фактори за идниот развој, се цени дека во наредниот период ќе се динамизира стапката и ќе се создадат услови за стабилен и континуиран растеж и развој што директно и индиректно ќе влијаат врз населението т.е ќе се зголеми бројот на градби од класата за домување(станбено-деловни) како и постоечката инфраструктурата. | |

| | |
|---|---|
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Просторниот капацитет на планскиот опфат ДУП за дел од УЕ 7 дел од населба „Горно Маало" со опфат дефиниран со улицата „Борис Кидрич„ од северо исток , Бул. „Партизанска„ од запад, ул.„Сане Георѓев„ од југоисток, максимално ја почитува веќе постојната основна намена на земјиштето согласно ГУП за град Штип и се базира на намената на градежната парцела во согласност со член 28 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 78/06), Планската програма е изработена врз основа на член 15 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. в. на РМ бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11 и 53/11). | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | / |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | / |
| Интензивна употреба на земјиштето | / |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | / |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во рамките на планскиот опфат е извршено задржување на катастарските граници на парцелата, со површина од 9.141,85 м2 во близината на централното градско подрачје каде ќе се изврши формирање и дефинирање на градежни парцели, добивање на максимална површина за градба согласно законските прописи за предвидување на градби со намена А, Б, Д и Е. | |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Просторниот капацитет на планскиот опфат ДУП за дел од населба „Горно Маало", дел од УЕ 7 со опфат опфат дефиниран со улицата „Борис Кидрич„ од северо исток , Бул. „Партизанска„ од запад, ул.„Сане Георѓев„ од југоисток, К.О. Штип 3, Општина Штип, Општина Штип, е површина во близина на централното градско подрачје, кое се карактеризира со моноцентрична структура, ограничена можност за проширување на центарот, прогнозата на демографскиот развој е еден од основните предуслови за одредување на просторниот развој на градот. Самата намена на површинат на опфатот ќе ја задржува примарната намена на градежното земјиште за градби со намена А, Б, Д и Е, не би имале негативни долготрајни влијанија врз животната средина. | |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на | |

| |
|---|
| животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со доуредување на просторот и изградба на нови објекти ќе се овозможи изградба на објекти од класите како и класи кои се компатибилни на основните класи: А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, Д-зеленило и рекреација и Е-инфраструктура , ќе се зголеми вредноста на земјиштето, ќе се подигне нивото на услуги како и формирање на зелени површини околу објектите. |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Изградбата на предвидените градби кои се од класата на домување со пропратни услуги т.е компатибилни класи на намена и инфраструктурата во мала мера се во конфликт со заштита на животната средина и краткотрајно (додека трае изградбата на објектите или инфраструктурата) и можното негативно влијание врз различните елементи на животната средина би биле со мал интензитет и само на локално ниво. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Во хиерархијата на планирање за планскиот документ измена и дополнување на ДУП за дел од населба „Горно Маало“ дел од УЕ 7 плански опфат дефиниран со улицата „Борис Кидрич„ од северо исток , Бул. „Партизанска„ од запад, ул.„Сане Георѓев„ од југоисток, може да се започне со донесениот ГУП за град Штип со одлука бр.08-1142/1 од 29.12.1999 год. и Програмата за изработка на урбанистички планови за територијата на Општина Штип за 2018 год. (одлука за отпочнување на постапка за изработка на Измина и дополна на детален урбанистички план,Општина Штип 08-2607/3 од 3 Мај 2018 год.). Опфатот е во близина на централното градско јадро и е со површина од 9.141,85 м2. Истите не се предмет на спроведување на стратегиска оцена на животната средина бидејќи се планира изградба на објекти кои се од класите А, Б, Д и Е како и компатибилни класи. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претхоходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>/ |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>/ |

| | |
|---|---|
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник<br>на Општина Штип<br><br>Благој Бочварски |
| Датум 06.11.2018 год.<br>Место Штип | М.П. |